**Ревизија на Европската класификација на активности – NACE и нејзината национална верзија – НКД**

Во Европската Унија, на 1 јануари 2025 година, започнува примената на новата верзија на Статистичката класификација на економските активности во Европската заедница – NACE Rev. 2.1, додека во статистичкиот систем на Република Северна Македонија стапува во сила нова национална верзија, поточно Националната класификација на дејностите, ревизија 2.1. – НКД, рев. 2.1.

**Постојна верзија: НКД, рев.2.**

Националната класификација на дејностите (НКД) е задолжителен национален стандард што ги дефинира активностите и ги класифицира деловните субјекти и деловите од деловните субјекти, а е наменет за употреба во официјални и други административни бази на податоци, за статистички и аналитички потреби во статистичкиот систем на Република Северна Македонија и на меѓународно ниво.

НКД е национална класификација на сите стопански активности во Република Северна Македонија, која е создадена во 1998 година врз основа на тогашната верзија на класификација NACE. Во статистичкиот систем на Република Северна Македонија е воведен со Одлука на Владата на Република Македонија, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/98 и оттогаш редовно се усогласува со европскиот стандард и континуирано се применува во националниот статистички систем. НКД целосно ја следи структурата на NACE до ниво на класа (четирицифрена нумеричка шифра). Од 1 јануари 2008 година, НКД, рев.2. одговара на класификациската верзија на NACE Rev. 2.

**Ревизија на европската класификација NACE**

Класификацијата на активностите требаше да се приспособи кон развојот и структурните промени на економијата, да се измерат новите појави и да се овозможи меѓународна споредливост на податоците, поради што во 2019 година започна процесот на ревизија на европската класификација NACE Rev. 2.

Грижејќи се за промените што настанаа во економските активности од последната ревизија во 2007 година, на европско ниво беше креирана нова верзија на класификацијата – NACE Rev. 2.1. Класификацијата беше прифатена со Делегираната регулатива на Комисијата (ЕУ) 2023/137 и ќе се применува од 1 јануари 2025 година.

Споредувајќи ја класификацијата NACE Rev. 2.1 со класификација NACE Rev. 2, може да се заклучи дека новата класификациска верзија е подетална бидејќи на најниско ниво има вкупно 651 класа или 36 класи повеќе во споредба со NACE Rev. 2. Класите се групирани во 287 групи (15 групи повеќе), групите во 87 оддели (еден оддел помалку) и одделите на највисоко ниво во 22 сектори (еден сектор повеќе).

Повеќе детали за ревидираната верзија на NACE Rev. 2.1 се достапни на веб-страницата на Евростат.

**Од 1 јануари 2025 година започнува примената на новата НКД, рев. 2.1.**

Во согласност со ревидираната верзија на NACE Rev. 2.1 и националните потреби, Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија изготви нова класификациска верзија – НКД, рев. 2.1. Таа е донесена од Владата на Република Северна Македонија со Одлуката за донесување на Националната класификација на дејностите, ревизија 2.1. – НКД, рев. 2.1. („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 35/24), која ќе ја замени НКД, рев. 2.

**Главни измени во НКД, рев. 2.1. во однос на НКД, рев. 2**

Бидејќи НКД, рев. 2.1. е целосно усогласена со класификацијата на NACE Rev. 2.1, измените на класификацијата НКД, рев. 2.1. во однос на НКД, рев. 2. се идентични до четвртото ниво, односно до ниво на класа. На најниско ниво има 651 класа, што е за 36 повеќе од претходно. Групите се класифицирани во 287 групи, 15 повеќе од претходно, има 87 оддели, еден помалку од претходно, а на највисоко ниво има 22 сектори, еден повеќе. Единствената разлика помеѓу НКД, рев. 2.1. и НКД, рев. 2. е националната поделба на 655 поткласи за потребите на националната економија.

**Од поважните промени ги наведуваме следниве:**

- Се менува досегашниот сектор J/S (Информации и комуникации), кој се дели на два нови сектори: сектор J/S Издаваштво, радиодифузија и дејности за производство и дистрибуција на содржини и сектор К/И Телекомуникации, компјутерско програмирање, консултантски дејности, компјутерска инфраструктура и други информатички дејности.
- Реорганизиран е секторот Д/Е Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли, на следниот начин: укинати се продажните канали и продажбата е организирана според видот на производот. Се укинува раздвојувањето на трговијата во продавниците и надвор од продавниците (на интернет, на штандови и сл.). Опсегот на трговијата опфаќа само физичка стока, но не и дигитална. Се укинува одделот 45 Трговија на големо и на мало со моторни возила и мотоцикли и поправка на моторни возила и мотоцикли, односно стануваат дел од трговијата на големо и на мало во одделите 46 и 47, а поправката на моторните возила станува дел од областа Т Други услужни дејности.
- Воведена е дефиниција за посреднички услуги поради зголеменото значење на активностите на посредничките услуги и беа создадени класи, низ речиси сите области во рамките на класификацијата, со кои ќе може статистички да се следат нивните активности во следната деценија.

- Воведени се поткласи на национално ниво (5-та цифра) со цел следење и подобрување на националната економија.

Во следните табели се прикажани разликите:

**Табела 1.** Споредба меѓу НКД, рев. 2. и НКД, рев. 2.1.

| Нивоа | НКД, рев. 2. | | НКД, рев. 2.1. | | Разлики |
|---|---|---|---|---|---|
| | шифра | Број на категории | шифра | Број на категории | |
| Сектори (означени со две букви, латинска и кирилска) | A/A – U/P | 21 | A/A – V/C | 22 | 1 |
| Оддели (2 цифри) | 36161 | 88 | 36161 | 87 | -1 |
| Групи (3 цифри) | 01.1 – 99.0 | 272 | 01.1 – 99.0 | 287 | 15 |
| Класи (4 цифри) | 01.11 – 99.00 | 615 | 01.11 – 99.00 | 651 | 36 |
| Поткласи (5 цифри) | 69.10/1 – 69.10/4 | 4 | 01.110 – 99.000 | 654 | 650 |

**Табела 2.** Врски меѓу секторите во НКД, рев. 2. и НКД, рев. 2.1.

| НКД, рев. 2. | | НКД, рев. 2.1. | |
|---|---|---|---|
| Сектор шифра | Сектор назив | Сектор шифра | Сектор назив |
| A/A | ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО | A/A | ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО |
| B/Б | РУДАРСТВО И ВАДЕЊЕ НА КАМЕН | B/Б | РУДАРСТВО И ВАДЕЊЕ КАМЕН |
| C/B | ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА | C/B | ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА |
| D/Г | СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ГАС, ПАРЕА И КЛИМАТИЗАЦИЈА | D/Г | СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ГАС, ПАРЕА И КЛИМАТИЗАЦИЈА |
| E/Д | СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА; ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ, УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД И ДЕЈНОСТИ ЗА САНАЦИЈА НА ОКОЛИНАТА | E/Д | СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА; ОТСТРАНУВАЊЕ ОТПАДНИ ВОДИ, УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД И ДЕЈНОСТИ ЗА САНАЦИЈА НА ОКОЛИНАТА |
| F/Ѓ | ГРАДЕЖНИШТВО | F/Ѓ | ГРАДЕЖНИШТВО |
| G/E | ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО И ТРГОВИЈА НА МАЛО; ПОПРАВКА НА МОТОРНИ ВОЗИЛА И МОТОЦИКЛИ | G/E | ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО И НА МАЛО |

| | | | |
|---|---|---|---|
| H/Ж | ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ | H/Ж | ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ |
| I/З | ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ И СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ СО ХРАНА | I/З | СМЕСТУВАЊЕ И ПОСЛУЖУВАЊЕ ХРАНА |
| J/S | ИНФОРМАЦИИ И КОМУНИКАЦИИ | J/S | ИЗДАВАШТВО, РАДИОДИФУЗИЈА И ДЕЈНОСТИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ДИСТРИБУЦИЈА НА СОДРЖИНИ |
| | | K/И | ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ, КОМПЈУТЕРСКО ПРОГРАМИРАЊЕ, КОНСУЛТАНТСКИ ДЕЈНОСТИ, КОМПЈУТЕРСКА ИНФРАСТРУКТУРА И ДРУГИ ИНФОРМАТИЧКИ ДЕЈНОСТИ |
| K/И | ФИНАНСИСКИ ДЕЈНОСТИ И ДЕЈНОСТИ НА ОСИГУРУВАЊЕ | L/J | ФИНАНСИСКИ И ОСИГУРИТЕЛНИ ДЕЈНОСТИ |
| L/J | ДЕЈНОСТИ ВО ВРСКА СО НЕДВИЖЕН ИМОТ | M/K | ДЕЈНОСТИ ПОВРЗАНИ СО НЕДВИЖЕН ИМОТ |
| M/K | СТРУЧНИ, НАУЧНИ И ТЕХНИЧКИ ДЕЈНОСТИ | N/Л | СТРУЧНИ, НАУЧНИ И ТЕХНИЧКИ ДЕЈНОСТИ |
| N/Л | АДМИНИСТРАТИВНИ И ПОМОШНИ УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ | O/Љ | АДМИНИСТРАТИВНИ И ПОМОШНИ УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ |
| O/Љ | ЈАВНА УПРАВА И ОДБРАНА; ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ | P/M | ЈАВНА УПРАВА И ОДБРАНА; ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ |
| P/M | ОБРАЗОВАНИЕ | Q/H | ОБРАЗОВАНИЕ |
| Q/H | ДЕЈНОСТИ НА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | R/Њ | ДЕЈНОСТИ НА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА |
| R/Њ | УМЕТНОСТ, ЗАБАВА И РЕКРЕАЦИЈА | S/O | УМЕТНОСТ, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА |
| S/O | ДРУГИ УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ | T/П | ДРУГИ УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ |
| T/П | ДЕЈНОСТИ НА ДОМАЌИНСТВАТА КАКО РАБОТОДАВАЧИ; ДЕЈНОСТИ НА ДОМАЌИНСТВАТА КОИ ПРОИЗВЕДУВААТ РАЗНОВИДНА СТОКА И ВРШАТ РАЗЛИЧНИ УСЛУГИ ЗА СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ | U/P | ДЕЈНОСТИ НА ДОМАЌИНСТВАТА КАКО РАБОТОДАВАЧИ; ДЕЈНОСТИ НА ДОМАЌИНСТВАТА ШТО ПРОИЗВЕДУВААТ РАЗНОВИДНА СТОКА И ВРШАТ РАЗЛИЧНИ УСЛУГИ ЗА СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ |
| U/P | ДЕЈНОСТИ НА ЕКСТРАТЕРИТОРИЈАЛНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ТЕЛА | V/C | ДЕЈНОСТИ НА ЕКСТРАТЕРИТОРИЈАЛНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ТЕЛА |

Структурата на новата верзија на НКД, рев. 2.1. е достапна на следниот линк:

https://www.stat.gov.mk/KlasifikaciiNomenklaturi/NACE%20Rev2_1_14_12v2.pdf

Објаснувањата од новата класификација НКД, рев. 2.1. Државниот завод за статистика ќе ги објави на својата интернетска страница во рубриката Класификации.

**Revision of the European classification of activities, NACE, and its national version, NKD**

The new version of the Statistical Classification of Economic Activities in the European Community - NACE Rev. 2.1 will begin to be applied on 1 January 2025 in the European Union, while in the statistical system of the Republic of North Macedonia, the new national version, i.e. National Classification of Activities Rev. 2.1, will enter into force.

**Current version: NKD rev. 2**

The National Classification of Activities (NKD) is a mandatory national standard that defines activities and classifies business entities and parts thereof, and it is intended to be applied in official and other administrative databases, for statistical and analytical purposes in the statistical system of the Republic of North Macedonia and at the international level.

NKD is a national classification of all economic activities in the Republic of North Macedonia, which was created in 1998 on the basis of the version of the NACE classification valid at that time. It was introduced into the statistical system of the Republic of North Macedonia by the Decision of the Government of the Republic of Macedonia, published in the Official Gazette of the Republic of Macedonia No. 20/98, and since then it has been regularly harmonised with the European standard and continuously applied in the national statistical system. NKD fully follows the structure of NACE up to the class level (four-digit numerical code). As of 1 January 2008, NKD Rev. 2 corresponds to the classification version NACE Rev. 2.

**Revision of the European classification NACE**

The classification of activities needs to be adapted to the development and structural changes of the economy, measure new phenomena and enable international comparability of data, which is why the revision of the European classification NACE Rev. 2 began in 2019.

Taking into account the changes that have occurred in economic activities since the last revision in 2007, the new classification version NACE Rev. 2.1 was created at the European level. The classification was adopted by Commission Delegated Regulation (EU) 2023/137 and will be applied as of 1 January 2025.

Comparing NACE Rev. 2.1 with NACE Rev. 2, it can be concluded that the new classification version is more detailed because, at the lowest level, it has a total of 651 classes or 36 classes more compared to NACE Rev. 2. Classes are grouped into 287 groups (15 groups more), groups into 87 divisions (one division less), and divisions at the highest level into 22 sections (one section more).

Further information on the revised version NACE Rev. 2.1 can be found on Eurostat’s website.

**As of 1 January 2025, application of the new NKD Rev. 2.1**

In accordance with the revised version NACE Rev. 2.1 and national needs, the State Statistical Office has prepared a new classification version NKD Rev. 2.1. It was adopted by the Government of the Republic of North Macedonia by the Decision on adoption of the National Classification of Activities revision 2.1 – NKD Rev. 2.1 (Official Gazette of the Republic of the Republic of North Macedonia, No. 35/24), which will replace NKD Rev. 2.

**Main changes in NKD Rev. 2.1 in relation to NKD Rev. 2**

Since NKD Rev. 2.1 is fully aligned with NACE Rev. 2.1, changes in NKD Rev. 2.1 in relation to NKD Rev. 2 are identical up to the fourth level, i.e. the class level. At the lowest level, the classification has 651 classes, which is 36 more than before. Classes are grouped into 287 groups, 15 more than before, 87 divisions, one less than before, and at the highest level, there are 22 sections, i.e. one more. The only specific feature of NKD Rev. 2.1 in relation to NKD Rev. 2 is the national breakdown into 655 subclasses for the needs of the national economy.

**Some of the most important changes are the following:**

- Former section J (Information and communication) has been split into two new sections - section J Publishing, broadcasting, and content production and distribution activities, and section K Telecommunication, computer programming, consulting, computing infrastructure and other information service activities.
- Section G Wholesale and retail trade has been reorganised as follows: sales channels have been removed and sales according to product type have been organised. The distinction between in-store and non-store (via internet, at stalls) retail trade has been eliminated. The scope of trade includes only physical goods, but not digital ones. Division 45 Wholesale and retail trade; repair of motor vehicles and motorcycles has been eliminated, i.e. these activities have become part of the wholesale and retail trade in division 46 and 47, while the repair of motor vehicles has become part of section T Other service activities.
- The definition of intermediation services has been introduced due to the increasing importance of intermediation service activities, and classes have been created, within almost all sections of the classification, to enable statistical monitoring of their activities in the following decade.
- Subclasses have been introduced at the national level for the purpose of monitoring and improving the national economy.

The differences are presented in the following tables:

**Table 1.** Comparison between NKD Rev. 2 and NKD Rev. 2.1

| Levels | NKD Rev. 2 | | NKD Rev. 2.1 | | Differences |
|---|---|---|---|---|---|
| | code | Number of categories | code | Number of categories | |
| Sections (two letters, Latin and Cyrillic) | A/A – U/P | 21 | A/A – V/C | 22 | 1 |
| Divisions (2-digit code) | 36161 | 88 | 36161 | 87 | -1 |
| Groups (3-digit code) | 01.1 – 99.0 | 272 | 01.1 – 99.0 | 287 | 15 |
| Classes (4-digit code) | 01.11 – 99.00 | 615 | 01.11 – 99.00 | 651 | 36 |
| Subclasses (5-digit code) | 69.10/1 – 69.10/4 | 4 | 01.110 – 99.000 | 654 | 650 |

**Table 2.** Links between Sections in NKD Rev. 2 and NKD Rev. 2.1

| NKD Rev. 2 | | NKD Rev. 2.1 | |
|---|---|---|---|
| Section code | Section name | Section code | Section name |
| A/A | AGRICULTURE, FORESTRY AND FISHING | A/A | AGRICULTURE, FORESTRY AND FISHING |
| B/Б | MINING AND QUARRYING | B/Б | MINING AND QUARRYING |
| C/B | MANUFACTURING | C/B | MANUFACTURING |
| D/Г | ELECTRICITY, GAS, STEAM AND AIR CONDITIONING SUPPLY | D/Г | ELECTRICITY, GAS, STEAM AND AIR CONDITIONING SUPPLY |
| E/Д | WATER SUPPLY, SEWERAGE, WASTE MANAGEMENT AND REMEDIATION ACTIVITIES | E/Д | WATER SUPPLY; SEWERAGE, WASTE MANAGEMENT AND REMEDIATION ACTIVITIES |
| F/Ѓ | CONSTRUCTION | F/Ѓ | CONSTRUCTION |
| G/E | WHOLESALE AND RETAIL TRADE; REPAIR OF MOTOR VEHICLES AND MOTORCYCLES | G/E | WHOLESALE AND RETAIL TRADE |
| H/Ж | TRANSPORTATION AND STORAGE | H/Ж | TRANSPORTATION AND STORAGE |
| I/З | ACCOMMODATION AND FOOD SERVICE ACTIVITIES | I/З | ACCOMMODATION AND FOOD SERVICE ACTIVITIES |

| | | | |
|---|---|---|---|
| J/S | INFORMATION AND COMMUNICATION | J/S | PUBLISHING, BROADCASTING, AND CONTENT PRODUCTION AND DISTRIBUTION ACTIVITIES |
| | | K/И | TELECOMMUNICATION, COMPUTER PROGRAMMING, CONSULTING, COMPUTING INFRASTRUCTURE AND OTHER INFORMATION SERVICE ACTIVITIES |
| K/И | FINANCIAL AND INSURANCE ACTIVITIES | L/J | FINANCIAL AND INSURANCE ACTIVITIES |
| L/J | REAL ESTATE ACTIVITIES | M/K | REAL ESTATE ACTIVITIES |
| M/K | PROFESSIONAL, SCIENTIFIC AND TECHNICAL ACTIVITIES | N/Л | PROFESSIONAL, SCIENTIFIC AND TECHNICAL ACTIVITIES |
| N/Л | ADMINISTRATIVE AND SUPPORT SERVICE ACTIVITIES | O/Љ | ADMINISTRATIVE AND SUPPORT SERVICE ACTIVITIES |
| O/Љ | PUBLIC ADMINISTRATION AND DEFENCE; COMPULSORY SOCIAL SECURITY | P/M | PUBLIC ADMINISTRATION AND DEFENCE; COMPULSORY SOCIAL SECURITY |
| P/M | EDUCATION | Q/H | EDUCATION |
| Q/H | HUMAN HEALTH AND SOCIAL WORK ACTIVITIES | R/Њ | HUMAN HEALTH AND SOCIAL WORK ACTIVITIES |
| R/Њ | ARTS, ENTERTAINMENT AND RECREATION | S/O | ARTS, SPORTS AND RECREATION |
| S/O | OTHER SERVICE ACTIVITIES | T/П | OTHER SERVICE ACTIVITIES |
| T/П | ACTIVITIES OF HOUSEHOLDS AS EMPLOYERS; UNDIFFERENTIATED GOODS- AND SERVICES-PRODUCING ACTIVITIES OF HOUSEHOLDS FOR OWN USE | U/P | ACTIVITIES OF HOUSEHOLDS AS EMPLOYERS AND UNDIFFERENTIATED GOODS- AND SERVICE-PRODUCING ACTIVITIES OF HOUSEHOLDS FOR OWN USE |
| U/P | ACTIVITIES OF EXTRATERRITORIAL ORGANISATIONS AND BODIES | V/C | ACTIVITIES OF EXTRATERRITORIAL ORGANISATIONS AND BODIES |

The structure of the new version NKD Rev. 2.1 is available at the following link:

https://www.stat.gov.mk/KlasifikaciiNomenklaturi/NACE%20Rev2_1_14_12v2.pdf

Explanations of the new classification version NKD Rev. 2.1 will be published by the State Statistical Office on its website in the section Classifications.